# 50 ГОДИНИ

# ВДИСТ

Н.У. Завод и музеј Битола ( Мала сала)    7.09.2005год.

Втори Септември 1955 година има посебно значење во културната хроника на градот под Пелистер.Следејќи го примерот на ликовната група "ДЕНЕС" на 2. Септември 1955 година во Битола се формира ликовната група ВДИСТ која ја сочинуваа 5 млади ликовни уметници: **В**идимче Пецо(1921), **Д**имовски Јован(1928-1998), **И**вановски Методија -Менде(1929-1995), **С**пироски Перо(1928-1995) и **Т**раиковски Борислав(1917-1996). Конституирајќи ја новоформираната група, членовите на ВДИСТ ја создадоа основата за организирана презентација на ликовниот живот на својот град, во Македонија и надвор од неа. Заедничкиот интерес и желбата субјективно и здружено да истражуваат во времето и просторот, да ги откриваат тајните на природните феномени, да создаваат максимално автентичен ликовен стил и израз (кој ќе биде доволно рафиниран, проучен и исполнет со нијанси и барања, ликовен израз во кој ќе бидат вградени карактеристиките и специфичностите на македонското поднебје), преставуваат основни постулати кои ги поврзуваат членовите на групата. Со инспирацијата од богатото културно наследство на својата земја и народ, членовите на ВДИСТ истовремено, многу емотивно ги доживуваа импулсите на секојдневието, младоста, динамиката и новиот живот кој забрзано ја одредува идната перспектива на младите креатори.

Авторите со различни темпераменти, во барање на сопствен креативен идентитет, своите идеи и замисли, како и целите и задачите за натамошно дејствување на Групата, ги внесоа во својот основачки, усмен манифест:

- Насловот на групата да ги содржи иницијалите од презимињата на авторите по азбучен ред (**В**-идимче, **Д**-имовски, **И**-вановски, **С**-пироски и **Т**-раиковски)
- Борба за современ ликовен израз, за ликовен квалитет врз база на богатата средновековна традиција и народното творештво;
- Популаризација на ликовната уметност кај пошироката публика преку организирање на две годишни изложби со групата и редовно учество на изложбите на Друштвото на ликовните уметници од Македонија.
- Организирање на изложби во разни културни центри во Републиката, во поголеми работни колективи, фабрики, училишта, села, на отворен простор...
- Одржување на пригодни предавања како придружни манифестации на изложбите;
- Организација и на индивидуални (самостојни) ликовни изложби.

Своите зацртани идеи Групата почна да ги реализира неколку дена по нејзиното формирање, со организација на повеќе изложби во работни колективи со цел да ја доближи ликовната уметност до поголем број работни луѓе со основна цел: социјализација на уметничката мисла. За истата цел беа одржувани и повеќе предавања од Борислав Траиковски на

## ПЕЦО ВИДИМЧЕ

Роден на 8.10.1921 година во Битола.

Академија за ликовни уметности завршил во Белград во 1952 година) во класата на професорот Недељко Гвозденовиќ)

Студиски престој во Италија во 1954 и во Франција во 1960 )како стипендист на Фондот Моша Пијаде)

Член на ДЛУМ од 1953, на ВДИСТ од 1955

Скопје, Шекспирова 9-04/13



Пецо Видимче, Портрет, 1953, масло на платно, дим: 100x73см.

тема: "Ликовните изрази и начинот на искажување на сликарството".

Од следната 1956 година групата ВДИСТ си поставија задача своите изразни естетики да ги презентираат надвор од границите на Македонија, првенствено во центрите во кои се школуваа. Изложбата во Уметничкиот павилјон на Мал Калемегдан во Белград (која преставува прв организиран настап на уметничка група од Македонија надвор од Републиката) ги освои симпатиите на ликовната критика. Познатиот ликовен критичар Миодраг Протиќ за оваа изложба во НИН ќе изјави: " весели фактот што петте млади и надарени уметници со несомнен успех работат врз ширењето на ликовната уметност во Битола, во една млада Република во која, и покрај големата традиција, сликарството во својот современ облик преставува релативно нова уметничка дисциплина... ...Колку повеќе во една уметност е побогат и потполн мозаикот на идеите и индивидуалностите, толку повеќе таа може да ги исполнува своите многустрани и разновидни функции. Да се оценуваат правците како такви, а не како конкретни уметнички дела, преставува анахронизам кој постепено исчезнува. Во принцип е добар и реализмот и фовизмот и кубизмот, секогаш кога се конкретни реалистичките, фовистичките, кубистичките дела, содржински богати и ликовно инвентивни. Ако овие општи услови би требало да откријат извесна блискост во концепциите на петмината македонски уметници од групата ВДИСТ, тие општи карактеристики не се исти, непроменливи, но секогаш се индивидуализирани и дополнети со низа други особини во состав со емоциите и индивидуалноста на секој излагач засебно. ... Кога би требало да се открие извесна сродност во концепциите на Видимче, Димовски, Ивановски, Спироски и Траиковски, може да се каже дека нив ги обединува извесна наклоност кон чиста интензивна боја, фовистичка транспозиција на видениот објект кон ослободен и спонтан третман..."

Следната година ВДИСТ ја освојува ликовната публика на Загреб во Салонот на УЛУХ каде се престави со најнови дела работени главно низ експресионистички призвук во неколку сродни варијанти, со обиди за упростување на формите, со често сведување на дводимензионалност на просторот во композицијата, со различни колористички решенија, (користејќи ги искуствата на своите професори), задржувајќи се на традиционалната иконографија, (предели, мртва природа, портрети, ) и поврзувајќи ја богатата македонска традиција со современите ликовни изразни можности.

Скептична кон ликовната група со "чудни амбиции да се формира во една средина која до неодамна била лишена од секакви ликовни традиции", ликовната критика од Загреб (доста строга кога се во прашање уметнички презентации на автори од подалечни ликовни центри) со симпатии ја прифати

## ЈОВАН ДИМОВСКИ
## (1928-1998)

Роден на 25.07.1928 година во Битола

Академија за применета уметност заврШил во Белград во 1953 (на Отсекот за декоративно сликарство), во класата на професорите Васа Поморишац и Винко Грдан.

Студиски престој во Германија, Австрија, Франција, Унгарија, Грција.

Член на ДЛУМ од 1953, на ВДИСТ од 1955, на УЛУС од 1965, УЛУПУС од 1969, на СИНГИАРТ (1971-76).



Јован Димовски, Локвани, 1956, масло на платно, дим: 64x94см.

и одбележа оваа изложба. Особено Радослав Путар ги поздрави "пионерските напори на луѓето од теренот, кои не ги следат само сопствените ликовни амбиции, туку и културните интереси на средината во која живеат и работат" како и афирмативната презентација на членовите на Групата кои "... добро сфатија дека изолацијата зад академската титула, за средина што преставува ликовен вакум, значи смрт пред нивното раѓање" . Индивидуалните остварувања на петте млади сликари "кои не сакајќи да се помират со провинцијализмот во своето сликарство и со тажните остатоци на едно минато", се поврзуваат со извесни влијанија од белградската ликовна школа како и македонскиот средновековен фреско-живопис и иконопис, трансформирани во повеќе варијанти на експресионизам.

Познатиот загребски ликовен критичар Јосип Деполо зборувајќи за виталноста и сериозноста на македонската ликовна група ВДИСТ на 22.01.1957 год. во Вјесник ќе напише: "Потребно е да се признае дека нашата прва средба со ВДИСТ беше скептична. Меѓутоа, таа скепса капитулира. ... Пред експонатите на тие млади сликари, кои расчистија со провинцијализмот во своето сликарство, со тажните заостанатости на едно минато, која не го обогати тој далечен пограничен крај со никаква ликовна традиција, постои во таа непомирливост на овие млади луѓе и една неподвижна компонента на новото социјалистичко општество , социјалистичка одговорност на нашите млади интелектуалци".

По враќањето во Македонија следуваат изложби во Прилеп,Битола и Скопје.

Развивајќи ја социјализацијата и популаризацијата на уметноста, Групата најдоследно ги спроведува своите зацртани програмски определби преку организација на ликовни изложби и предавања во најразлични амбиенти. Во тој дух организирана е изложба под ведро небо на Плоштадот "Маршал Тито" во Скопје, на 11 Октомври 1958 година. Оваа несекојдневна изложба на најфреквентното место во главниот град привлече најголем број посетители што некогаш биле присутни на ликовните манифестации на уметниците.

Активноста на Групата најинтензивно се следи од 1955 до 1961 година. Покрај заедничката презентација секој член ги развива сопствените ликовни концепции кои редовно ги презентира на годишните изложби на ДЛУМ, како и преку самостојните изложби во галерии, институции, работни колективи, фабрики, хали, мензи или на отворен простор.

Во седмата деценија изложбената активност на Групата се намалува од низа објективни и субјективни причини, а главната причина секако е физичкото разединување на членовите: Пецо Видимче и Методија Ивановски-Менде се преселуваат во Скопје; Јован Димовски прво се сели во Скопје, а потоа во Белград, додека единствено Борислав Траиковски и Перо Спироски остануваат во Битола. Пробивањето на патот кон афирмација според сопствените креативни и творечки

## МЕТОДИЈА ИВАНОВСКИ - МЕНДЕ
## (1929-1995)

Роден на 14. 05. 1929 год. Во Битола

Виша педагошка академија-ликовна насока, завршил во Скопје, 1961

Студиски престој во Италија, 1954 год. Во франција, 1957 и Прага и Братислава во 1970 год.

Член на ДЛУМ од 1952 и на ВДИСТ од 1955



Методија Ивановски-Менде, Разделено постоење, 1966, масло на платно, дим: 60x86см.

можности се одвиваше индивидуално.

За стилско-ликовните и естетски хетерогености и поврзаности, Љубица Дамјановска во предговорот на монографијата по повод триесетгодишнината од постоењето на ВДИСТ , ќе забележи: Иако стилски хетерогени, членовите на Групата ги поврзуваат повеќе заеднички компоненти: релативно блиска генерациска припадност, блиско академско образование, исто поднебје, исти творечки извори и поттици, желба за спојување на традицијата и народното творештво со современ ликовен јазик, најчесто определување за традиционалната иконографија: пејзажи, стара архитектура, мртва природа, а покасно и слободни апстрактно-асоцијативни композиции поврзани со психата на современиот човек и урбаната средина, но повторно во допир со традицијата.

Во почетните дела кај некои автори се присутни реминисценции на западно-европска уметност: на Жорж Руо и германскиот импресионизам ( кај Борислав Траиковски), на Анри Матис (кај Ивановски), на Морис Власменк (кај Спироски). Асимилирани искуства од професорите на Белградската академија се присутни кај Видимче и Димовски, додека од Уметничката школа во Скопје, кај Ивановски, Спироски, Димовски. Скоро кај сите во почетокот е присутен реалистичен пристап кон мотивот со одблесоци на пост-импресионизам во третманот на бојата. Постепено се издиференцира и сопствена ликовна поетика свртена кон експресионизмот како главна одредница, кој во уметноста на 20 век се јавува како главен духовен израз. Низ издиференцираната експресионистичка постапка се појавуваат и извесни сеќавања на естетиката на кубистите, фовистите, надреалистите. Во развојот на сликарската постапка, некои од членовите се доближуваат и до асоцијативната експресионистичка фигурација (Видимче), до лирската и геометриска апстракција (Траиковски), до гестуалното сликарство (Димовски), до енформелот и реализмот (Ивановски и Димовски), и до ослободен и спонтан израз во третманот на пејзажот (Спироски). Во секој случај доминантна беше експресијата на боите и формите, нагласена вознемиреност на линијата, дводимензионален третман на просторот во композицијата, упростување на формите во транскрипцијата на фигурата или пределот. Низ спонтаниот творечки чин како основна нишка се провлекува длабоката поврзаност со народното творештво (керамика, килимарство, вез), со средновековното сликарство (фреско-живопис и иконопис), како и со остатоците на материјалната култура на античкиот и рано христијански период од Хераклеја (мозаици и декоративна пластика). Во современото македонско сли-карство членовите на ВДИСТ се појавуваат како мост меѓу традицијата и новото време со внесување на одредени вредности од минатото и додавање сопствени индивидуални визии.

## ПЕРО СПИРОСКИ
## (1928-1995)

Роден на 22. 03. 1928 во Битола

Завршил Виша педагошка академија-ликовна насока, во Скопје

Студијски престој во Италија, 1954

Член на ДЛУМ од 1952 и ВДИСТ од 1955



Перо Спироски, Мочуриште, 1974,  масло на платно  дим: 50x62см

Уметничките групи вообичаено имаат краток период на егзистенција. Кога ќе ги исполнат заедничките програмски определби, уметниците се разидуваат и го продолжуваат својот индивидуален креативен пат. Но, битолската група ВДИСТ во тој поглед преставува исклучок. По блескавиот период на творечка и експонирачка активност во шестата деценија и покрај физичкото раслојување, членовите на групата и понатаму го одржуваат единството со реактивирање на заеднички идеи преку повремени состаноци и консултации за понатамошната активност. Седмата и осмата деценија Групата ја одбележува со јубилејните изложби организирани во различни градови: десетгодишниот јубилеј во 1965 год. беше одбележан со изложба на масла и темпери во Битола и Ниш; Петнаесет години во 1969 во Скопје, а 1974 во Битола и Скопје. Оценувајќи ја изложбата на ВДИСТ во 1969 година, проф. Борис Петковски ќе забележи: "...Оживувањето на ВДИСТ е предизвикано од носталгични сентименти за едно незгаснато пријателство и од незаборавени некогашни надежи. ... Како што е тоа најчест случај и оваа група нема некоја цврста кохезија. Дивергентни се појдовните творечки амбиции и резултати до кои се достигнува..." Презентирајќи ги своите најнови дела, членовите се преставуваат како "оформени уметнички личности со стекнат творечки идентитет: без поголеми осцилации во смисла на нивните првобитни стилски определувања но во постојан творечки подем (кај Траиковски и Спироски); со континуирано градена и препознатлива ликовна поетика (кај Видимче) со следење и асимилирање на повеќе стилски изрази на ликовната уметност (кај Ивановски и Димовски), и со различни творечки дострели". На дваесет и пет годишниот јубилеј во 1979 година ВДИСТ се престави со изложби во Белгад и Загреб. Ликовниот критичар Зоран Маркуш оваа изложба ја забележа како "евокација на минатото". Триесет годишниот јубилеј беше одбележан со изложба во Музеј на современа уметност во Скопје која преставуваше селективен пресек на творештвото на ВДИСТ во последните 15 години. Со изложбата, проследена со богат каталог (чиј предговор го напиша Љубица Дамјановска ) беше документарно регистрирана целокупната организирана изложбена и културно-педагошка дејност.

Последната изложба на Групата ВДИСТ се организирана во Уметничката галерија во Битола 1994 година. Надежите за јубилејната изложба не се оствари. Во 1995 година починаа Перо Спироски и Методија Ивановски-Менде, а во 1996 год. Борислав Траиковски, и 1998 Јован Димовски.

Лиљана Христова

## БОРИСЛАВ ТРАИКОВСКИ
## (1917-1996)

Роден е на 15.06.1917 год. во Битола.
Завршил Академија за ликовна уметност во Белград во 1951 година, кај професорите Ѓурѓе Тодоровиќ, Коста Хакман, Љубица Сокиќ и Иван Табаковиќ).
Студиски престој во Италија, 1954 год. и Франција во 1961 год.
Член на ДЛУМ од 1952 и на ВДИСТ од 1955 год.



Борислав Траиковски, Пејзаж, 1973, масло на платно, дим: 100x80см.

## Изложби на групата ВДИСТ

1955 Охрид, Битола, Прилеп, Изложба на пет битолски уметници, Сала на хотелот "Белви"; Дом на ЈНА,

На 2.09. 1955 се формира групата ВДИСТ.

Од 1955 до 1961 излагаат во повеќе работни организации и училишта во Битола и во неколку села: Битола, Тутунски комбинат, Фабрика за кожи "Борис Кидрич",
1956; с. Дихово, Земјоделска задруга,
с. Ножополе,
1956 Белград, Уметнички павиљон на Малом Калемегдану,
Битола, Младински дом,
Битола, Фабрика за текстил "Пелистер",
1957; Битола, Учителска Школа,
Битола, Економски техникум, и др.
1957 Загреб, Салон УЛУХ,
Прилеп, Народен музеј,
1958 Битола, Уметничка галерија,
Скопје, Изложба под ведро небо на плоштадот "Маршал Тито",
Скопје, Работнички дом,
1959 Скопје, Работнички дом,
1960 Битола, Уметничка галерија,
1961 Битола, Уметничка галерија,
1965 Битола, Уметничка галерија "Моша Пијаде",
Ниш, Павиљон на Тврѓави,
1969 Скопје, Клуб на писатели,
Скопје, Центар за култура и информации,
1974 Битола, Уметничка галерија "Моше Пијаде",
Скопје, Центар за култура и информации,
1978 Загреб, Музеј града Загреба,
Белград, Културни центар - Велика галерија,
Битола, Уметничка галерија "МоШа Пијаде",
1984 Битола, Уметничка галерија "Моше Пијаде",
1990 Битола, Уметничка галерија
1994 Битола, Уметничка галерија
2005 Битола, Н.У. Завод и Музеј - Битола

Покровител: Општина Битола

ОПШТИНА БИТОЛА MUNICIPALITY OF BITOLA

Организатори:

Н.У. Завод и Музеј - Битола

Македонско научно друштво
Битола

Спонзор на каталогот:
АГ-Охридски филиграни-Охрид

"АГ"

Организација: НУ-Завод и музеј Битола и Македонско научно друштво-Битола; За организаторот: Валентин Соклевски; Предговор: Лилјана Христова; Компјутерска обработка: Жико Калпаковски; Печати: 11 Октомври-Прилеп